Г. СПАСОВСКА

# ЕДЕН НАДГРОБЕН НАТПИС ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА СКОПЈЕ

Во текот на архитектонско-конзерваторските работи на скопската тврдина Кале, откриен е дел од надгробен споменик—натписно поле во кое се наоѓа епитаф, изведен на латински јазик. (Сн. I). Споменикот е како сполија заѕидан во стопата на „Дрвениот мост” пред Турската порта.[1]) Направен е од порозен камен-варовник. Неговите зачувани и видливи димензии изнесуваат: должина 51 см, висина 40 см., широчина сса 18 см. На него се видливи траги од оштетувања, а од порозноста на каменот некои букви не се читливи, така што натписот не е зачуван во целина.

Во правоаголното поле е изведен натписот во шест реда, но нецелосно зачуван. Буквите се плитко, но правилно врежани со висина од 4 до 6 см, а интерпункцијата е изведена во вид на триаголници свртени нагоре. Натписот гласи:

| | |
|---|---|
| LVCILIA | ] Lvcilia |
| . .T ANN X’ | . .vix]it ann(os) XX(?) [. . . . |
| EXTESTAM | ex testam(ento) [fe?] |
| TMATRIS | ci?]t matri S[ei?] |
| VSPROCV | us Procu[lus] |
| PIENTI’ | pientis[sime] |

Споменикот го подигнал S. Prokulus на својата мајка Lucilia. Временски, најверојатно и припаѓа на втората половина на II или првата половина на III век од н е.

Со откривањето на овој фрагментиран надгробен споменик од времето на римската доминација во нашите краишта се зголемува бројот на веќе познатите епиграфски споменици, кои се заѕидани како сполија во бедемските ѕидини на тврдината Кале, а потекнуваат, најверојатно, од локалитетот Скупи или од неговата поширока територија.

---

[1]) Архитектонско-конзерваторските работи на тврдината Кале ги изведува „Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје“, а работите ги раководи инж. арх. Васил, Иљов, кој ми укажа на овој наод на 5. 10. 1970 год. за кое и овој пат му благодарам.

